**ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**

**Предлагач: Градоначалник на општина Василево**
**Г-дин/ Славе Андонов**

**Изготвувач: Одделение за финансиски прашања**
**Служба за буџет при општина Василево**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО ЗА 2023

**Март 2024 година**

## Содржина


- **Вовед**

- **Годишна сметка/наративен дел**

- **Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност**

- **Извештаја за реализација на инвестиционите програми ,наменските капиталните и блок дотации дотациите за делигирани надлежности**

- **Извештај за реализацијата на кредитот**

- **Извештај за реализацијата на донациите**

- **Извештај за користење на средствата од резервите**

**1.Вовед**
**1.1. Основни податоци за Општината**

Општина Василево се наоѓа во срцето на Струмичката котлина и е распространета долж реката Струмица со обиколени планински венци на Огражден, Плачковица И Еленица. Инаку општина Василево е претежно рурална општина со 12 122 жители и опфаќа територија од 220 м2. Општина Василево е населена со 18 населени места од кои 15 се активни додека останатите немаат повеќе население туку само се водат како катастарски општини.

Поради местоположбата општина Василево е поврзана со магистралниот пат М6 со соседните општини Радовиш и Струмица кој понатаму продолжува до внатрешноста на општина Босилово кон границата со Република Бугарија. Со тоа се создадени условите за брз економски развој на општината пред се преку подигнување на индустриски капацитети долж магистралниот пат. Позитивниот природен раст на населението ни дава до знаење дека во иднина ќе имаме млада популација која ќе биде движечка сила во развојот на општината. Во општината имаме индустриска зона каде секојдневно се подигнуваат индустриски капацитети кои создаваат услови за нови вработување на младите и способни лица. Во моментот во општината имаме повеќе од стотина правни лица кои работат и создаваат нова вредност, како и поволни услови за вработувања на населението кое гравитира кон центарот на општината. Во општината имаме околу 3000 семејства и повеќе правни субјекти со обврски за плаќање Данок на имот и комунални такси кои се основен приход на општината.

.

**1.2. Буџет и одлука за извршување на буџетот**.

Буџетот на општината се донесе на ден 23.12.2022 година бр.08-1851/1

Буџетот на Општина Василево има 2пренамени на распоредот на средствата во буџетот за 2023 година и тоа бр 08-152/1 од 01.02.2023, бр 08-783/1 06.06.2023

Буџетот на Општина Василево има 3 измена на распоредот на средствата во буџетот за 2023 (ребаланс) година и тоа на 28.06.2023 бр 08-877/1, на 03.10.2022 бр 08-1250/1, и на 14.11.2023 бр 08-1496/1.

**2. Годишна сметка**

Годишната сметка ги содржи сите елементи на буџетот искажани како планирани и остварени приходи и расходи за сите корисници на буџетот на општина Василево на основниот буџет, блок дотациите, кредитите и самофинансирачките активности. Годишната сметка исто така ги содржи и податоците за средствата, побарувањата, обврските како и изворите на средствата и нивната вредност. Покрај ова во годишната сметка спаѓаат и развојните програми кои се составен дел во годишната сметка. Годишната сметка на буџетот содржи Пропишан Преглед на планирани и наплатени приходи и расходи на сите сметки на буџетот на општина Василево со образложение за главните отстапувања

**2.1. Приходи на општината**.

Во буџетот на општината беа планирани приходи 198.322.457 денари од кои во основниот буџет беа планирани приходи во висина од 87.000.000 денари и тоа во повеќе категории како што се

- **Даночни приходи**- каде спаѓаат Данок од доход, добивка и капитални добивки, даноци од имот, Даноците од специфични услуги и Таксите за користење на дозволи за вршење на дејност
- **Неданочни приходи**- во кој спаѓаат таксите и надоместоците, административните такси, другите видови услуги(како делигирани надлежности на општината) и останати неданочни приходи
- **Трансферите и донациите**- како посебна категорија на приходи каде спаѓаат- трансферите од другите нивоа на власт и донациите од странство.
- **Капиталните приходи**- каде спаѓаат приходите од продажбата на државното земјиште и
- **Домашните задолжување** - овде спаѓаат краткорочните позајмици.

Како прилог ви доставуваме табеларен преглед кој следува подолу

Приходите на општина Василево за 2023 година планирани и реализирани се дадени во следната табела.

| | | |
|---|---:|---:|
| **Вкупни приходи** | **87.000.000** | **71.869.453** |
| **71- Даночни приходи** | **22.028.500** | **19.366.766** |
| 711- Данок од доход,добивка | 1.898.500 | 1.735.498 |
| 713- Даноци на имот | 9.710.000 | 6.385.829 |
| 717- Даноци на специфични услуги | 9.750.000 | 10.706.097 |
| 718- Такси за користење или дозволи | 670.000 | 539.342 |
| **72- Неданочни приходи** | **730.000** | **814.073** |
| 721-Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 0 |
| 722- Такси и надоместоци | 400.000 | 380.144 |
| 723- Административни такси и надоместоци | 100.000 | 193.282 |
| 724- Други владини услуги | 0 | 0 |
| 725- Други неданочни приходи | 230.000 | 240.647 |
| **73- Капителни приходи** | **15.447.371** | **8.473.384** |
| 733- Продажба на земјиште и нематер.права | 15.447.371 | 8.473.384 |
| **74- Трансфери и донации** | **48.794.129** | **43.215.230** |
| 741- Трансфери од други нивоа на власт | 48.794.129 | 43.215.230 |

Приходи од **дотации.**

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **99.653.707** | **97.202.705** |
| **72- Неданочни приходи** | **0** | **0** |
| 725- Други неданочни приходи | 0 | 0 |
| **74- Трансфери и донации** | **99.653.707** | **97.202.705** |
| 741- Трансфери од други нивоа на власт | 99.653.707 | 97.202.705 |

Приходи од **самофинансирачки активности**
.

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно приходи** | **11.580.000** | **2.680.000** |
| **72 – Неданочни приходи** | 0 | 0 |
| 722- Такси и надоместоци | | |
| 723-Административни такси и надоместоци | 11.530.000 | 2.666.223 |
| 724-Други владини услуги | | 0 |
| 725 – Други неданочни приході | 50.000 | 14.305 |
| 741- Трансфери од други нивоа на власт | 0 | 0 |

**2.2-Расходи на општина Василево за 2023 година**.

Општина Василево за 2023 година ги имаше планирано и реализирано следните расходи во основниот Буџет на општина Василево.

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупни расходи** | **87.000.000** | **71.613.155** |
| **40-Плати наемнини и надоместоци за вработените** | **16.755.000** | **14.587.830** |
| 401- Основни плати надоместоци | 10.470.000 | 8.829.023 |
| 402- Придонеси за социјално осигурување | 3.585.000 | 3.255.201 |
| 404- Надоместоци | 2.700.000 | 2.503.606 |
| **41- Резерви и недефинирани расходи** | **0** | 0 |
| 413- Тековни резерви разнивидни расходи | 0 | 0 |
| **42- Стоки и услуги** | **27.067.000** | **15.218.125** |
| 420- Патни и дневни расходи | 400.000 | 224.140 |
| 421- Комунални услуги,греење,комун, и транспорт. | 7.946.000 | 7.215.171 |
| 423- Материјали и ситен инвентар. | 3.100.000 | 2.424.391 |
| 424- Поправка и тековно одржување. | 9.330.000 | 4.873.543 |
| 425- Договорни услуги. | 2.622.000 | 1.734.422 |
| 426- Други тековни расходи. | 1.569.000 | 1.021.664 |
| 427- Привремени вработувања | 2.100.000 | 2.067.742 |
| **45- Каматни плакања** | **0** | **0** |
| 452- Каматни плаќања кон домашни кредитори | **0** | **0** |
| **46- Субвенции и трансфери** | **2.650.000** | **2.446.569** |
| 461- Субвенции за јавни претпријатија | 0 | **0** |

| | | |
|---|---|---|
| 463- Трансфери до невладини организации | 550.000 | 418.000 |
| 464- Разни трансфери | 2.100.000 | 2.028.569 |
| **47- Социјални бенефиции** | **350.000** | **254.500** |
| 471- Социјални надоместоци | 350.000 | 254.500 |
| **48- Капитални расходи** | **36.348.000** | **30.935.482** |
| 480- Купување на опрема и машини | 55.000 | 0 |
| 481- Градежни објект | 500.000 | 295.645 |
| 482- Други градежни објекти | 35.523.000 | 30.374.817 |
| 485- Вложувањеи неф. Средства | 0 | 0 |
| 486 -Купување на возила | 270.000 | 265.020 |
| **49-Отплата на главнина** | **3.830.000** | **3.827.701** |
| 493- Отплата на главнина на други нивоа на власт | 3.830.000 | 3.827.701 |

Расходи од дотации-2023 година

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупни расходи** | **99.653.707** | **97.191.467** |
| **40- Плати наемнини и надоместоци за вработените** | **85.783.306** | **85.346.344** |
| 401- Основни плати и надоместоци | 60.714.372 | **60.371.563** |
| 402- придонеси за социјално осигурување | 23.508.934 | 23.414.781 |
| 404- Надоместоци | 1.560.000 | 1.560.000 |
| **42- Стоки и услуги** | **13.870.401** | **11.845.123** |
| 420- Патни и дневни расходи | 0 | 0 |
| 421- Комунални услуги,греење,комун и транспорт | 5.657.762 | 4.978.296 |
| 423- Материјали и ситен инвентар | 2.145.000 | 1.324.758 |
| 424- Поправки и тековно одржување | 900.000 | 820.159 |
| 425- Договорни услуги | 4.509.214 | 4.168.256 |
| 426- Други тековни расходи | 442.218 | 396654 |
| 427- Привремени вработувања | 216.207 | 157.000 |

Расходи од самофинансирачки активности

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупни расходи** | **11.580.000** | **2.542.439** |
| **42 – Стоки и услуги** | **11.550.000** | **2.542.439** |
| 420 – Патни и дневни расходи | 40.000 | 0 |
| 421 – Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | 2.093.000 | 19.301 |
| 423 – Материјали и ситен инвентар | 2.067.000 | 15.000 |
| 424 – Поправки и тековно одржување | 205.000 | 23.210 |
| 425 – Договорни услуги | 4.540.000 | 372.687 |
| 426- Други тековни расходи | 115.000 | 26.285 |
| 427 Привремени вработување | 2.490.000 | 2.085.956 |
| **46- Субвенции и трансфери** | **0** | **0** |
| 464 Разни трансфери | 0 | 0 |
| **48- Капитални расходи** | **30.000** | **0** |
| 480 -Купување на опрема | 30.000 | 0 |

**3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност.**

Со извршениот попис од страна на пописната комисија се утврди фактичката состојаба на средствата со кои располага општина Василево, во делот на активата во билансот на состојбата како основни средства во делот на градежните објекти со кои располага општина Василево се: Градежните објекти во кој спаѓаат патиштата, улиците и мостовите и останатите објекти каде општината располага со капитални средства од 555.351.984 денари. Следи опремата во која спаѓаат сите канцелариски и друг вид на материјали, возниот парк каде општината располага со средства во висина од 1.511.823 денари.

Што се однесува до побарувањето што го има општината ќе спомeнеме следното, во делот на активата на буџетот на општина Василево (во билансот на состојба) побарување по основ на Надоместок за уредување на градежното земјиште, закуп на простории како и побарувања по други основи, средства во висина од 1.541.541денари.Доколку ги анализираме обврските спрема надворешните коминтенти тогаш ќе ја костатираме следаната состојаба: Поради нереализација на оделни приходи особено, капиталните приходи останаа ненаплатени обврски во висина од 95.198.828 денари и обврски за кредит 1.145.008 Овие долгови останаа да се подмират со буџетот за идниот период и како такви мораа да бидат планирани во буџетот за 2024 година. Како показател на оваа состојабата е извршувањето на основниот буџет за 2023година од **82,60%**

**4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите и дотациите за делигирани надлежности**

Во буџетската 2023 година планирани беа повеќе инвестициони програми како сопствен дел во постојаниот буџет за 2023 година. Овде се опфатени програмите за изградба на улици и патишта, програмата за изградба на канализација, програма за уредување на градежното земјиште, програмата за изградба на сигнализација на локалните улици и патишта, програмите за локален економски развој, програмата за реконструкција на градежни објекти и други помали програми. Во текот на 2023 имаме отпочнато со реализација на повеке улици со програмата за улици и патишта опфатена во деловната 2023 година.

Додека средствата кои наменски се дотираа до буџетските корисници се користени за оние намени за кои беа и планирани во буџетот за 2023 година, поточно нивната намена се однесуваше за исплата на плата во образованието и за тековно оперативните расходи.

**5. Извештај за користењето на финансиските средства од резервите**

Во текот на 2023 година немавме предвидено средства за резерви.